Инфекции - вирусни



# Средна сипаница

## Важни работи

- **Средната сипаница е вирусна инфекција придружена од треска и брунчиња на кожата**
- **Брунчињата на кожата најчесто се гледаат на телото, на главата и на вратот**
- **Детето е заразно околу 7 дена, 2 дена пред и 5 дена по појавувањето на првиот осип**
- **Децата не треба да одат на училиште, во забавиште или во градинка додека сите брунчињата да фатат крастички**
- **Сувите красти не се заразни**
- **Се користи лекување за да се олеснат знаците на болеста и да се спречат второстепени бактериски инфекции на брунчињата**

## Што е тоа?

Средната сипаница е честа инфекција предизвикана од вирус (варичела зостер). На детето може да му биде лошо ден-два, со треска и црвенило на кожата потоа следуваат поголем број на мали црвени брунчиња (кои имаат модра или кафеава боја ако кожата е потемна), кои во текот на наредните 2-4 дена се претвораат во пликови. Пликовите побелуваат од гној во текот на неколку дена, а потоа се претвораат во темни красти.

Брунчињата се најчести на телото, главата и вратот, а поретки на рацете и нозете. Бројот на брунчињата може да биде различен.

Децата на возраст од 2-10 години најчесто заболуваат од оваа болест. Треската и осипот се појавуваат околу 2 недели по допирот со заразеното лице. Средната сипаница е заразна од 2 дена пред до 5 дена откако ќе се појави. Сувите красти не се заразни. Откако едно лице прележало средна сипаница, кај него се создава долготрајна отпорност на болеста и тоа најверојатно никогаш нема повторно да се разболи од неа.

## Како се спречува?

За да се спречи заразувањето на други лица, децата не треба да одат на училиште, во забавиште или во градинка додека сите брунчиња да се претворат во крастички. Иако не е дел од редовната програма за вакцинација, постои вакцина против средната сипаница. Таа се дава во една доза на децата постари од 12 месеци.

## Како се лекува?

На повеќето деца што заболеле од средна сипаница не им треба никакво посебно лекување против вируси. Лекувањето се користи за да се контролира треската и за да се спречи второстепена бактериска инфекција на брунчињата. Ако настане бактериска инфекција, како последица на неа може да останат лузни. Може да помогне ако се користат масла за капење што истовремено дејствуваат и против бактериите и против јадежот. На брунчињата може да се ставаат средства против инфекција за да се спречи второстепената бактериска инфекција.

## Натамошни информации

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent’s Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.